**20151644688**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 17-к став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,137/13, 164/13, 158/14, 15/15 и 129/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ ДЕЛ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) И НА ВТОРИОТ ДЕЛ (ПРАКТИЧЕН ПРИМЕР) НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот дел (теоретски дел) и на вториот дел (практичен пример) на стручниот испит за безбедност при работа.

Член 2

Првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит за проверка на теоретското знаење на кандидатите содржи вкупно 50 прашања од областа на безбедност при работа.

Одговорот на прашањето се бодира на следниов начин:

- точната опција со 3 бода,
- двете сличните опции со 1 бод,
- неточната опција во мал обем со – 0,5 бода, и
- неточната опција во голем обем со - 2 бода.

Првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит е положен со освоени најмалку 105 бода.

Член 3

Вториот дел (практичен пример) од стручниот испит се полага по успешното полагање на првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит, а се состои од одговарање на прашања од еден практичен пример (студија на случај) за примена на стручното знаење.

За практичниот пример (студија на случај), кандидатот одговара на три прашања кои имаат десет можни опции на одговори, при што една опција е точна, пет опции се слични и четири опции се различни.

Одговорот се бодира на следниов начин:

- точната опција со 10 бода,
- сличните опции со 5 бода,
- различните опции со 0 бодови.

Вториот дел (практичен пример) од стручниот испит е положен со освоени најмалку 21 бода.

Член 4

Стручниот испит за безбедност при работа е положен со освојување на потребните бодови од првиот (теоретски дел) и вториот (практичен пример) од испитот од член 2 став 3 и член 3 став 4 од овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7218/5
21 септември 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.